**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-290/6**

**Скопје, 26.03.2009 година**

## МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Македонска академија на науките и уметностите (во понатамошниот текст (Академијата) - Сметка за приходи од самофинансирачки активности на РМ, за 2007 година, кои се прикажани на страните 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Академик Цветан Грозданов, претседател, за период од 01.01.2004 година до 31.12.2007 година
   - Академик Георги Старделов, претседател, за период од 01.01.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 22.12.2008-16.02.2009 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 20.03.2009 година со писмо број 03-463/2 од 18.03.2009 година примено е известување од Извршниот одбор на Македонската академија на науките и уметностите за преземени мерки и постапувања по препораките на овластениот државен ревизор, без приложени докази со кои ќе ги потврдат преземените активности.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли

11.1.1. Академијата нема назначено одговорно лице за контрола и воспоставено систем на интерни контроли во процесот на плаќање и одобрување на сметководствените документи како и нивно евидентирање во сметководствената евиденција, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Законот за јавна внатрешна финасиска контрола. Исплатата на авторските надоместоци за учество во реализација на научно истражувачки проекти се врши во вкупен паушален износ за сите учесници во проектот, по претходно одобрување од страна на одговорно лице. Од увидот во фактурите за авторските хонорари не може да се утврди колку изнесува исплатениот износ за секој автор поединечно, како и податоците за начинот и критериумите при пресметката за утврдување на висината на исплатените износи. Исто така извршена е исплата на дел од фактурите на добавувачите за кои не е изготвена поткрепувачка документација и нецелосно внесени елементи од кои ќе може да се утврди количината и поединечните цени за извршените услуги. Ваквиот систем на исплата во услови на недоволна покриеност со интерни контроли создава ризик од незаконско и ненаменско користење на средствата на Академијата, како и необјективно проценување и евидентирање на расходите и обврските во финансиските извештаи.

**Препорака**

1. Одговорните лица во Академијата да воспостават систем на целосна внатрешна сметководствена контрола за проверка на сметководствените документи односно трансакции, а исплатите во сметководството да се вршат врз основа на поткрепувачка документација.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. Ревизијата утврди дека Академијата не постапила во согласност со Упатството за начинот на трезорското работење, за отварање и затварање на сметки на корисници и единки корисници на средства од Буџетот во главната книга, односно не е извршено отварање на сметки за средства од донации за финансирањето на научноистражувачките проекти. Средствата кои се добиени по овој основ како и начинот на реализација се врши според програмите на меѓународните тела задолжени за овие проекти. Начинот на изведувањето на проектот и располагањето со средствата е во согласнот со условите регулирани со посебен договор помеѓу раководителот на проектот и давателот на средствата, каде што е прецизирано за кои намени ќе се трошат средствата, како и контролата на трошењето. Ваквото евидентирање на остварените приходи од донации има за ефект нереално искажување на позициите од Билансот на приходи и расходи на Сметката за приходи од самофинансирачки активности,

11.2.2. Претседателството на академијата врз основа на Правилникот за научно истражувачката и уметничката дејност донело посебна одлука за висината на режиските трошоци од средствата за реализација на научноистражувачката и уметничката дејност и за намената и начинот на нивното користење. Спротивно на донесената Одлука не се врши издвојување на утврдениот процент од 10% од средствата доделени за проектите како фонд за покривање на режиските трошоци во врска со проектите, при што истите се покриваат од ставката – Договорни услуги за планирани активности на Академијата. Земајќи ја предвид вкупно договорената вредност од донаторски проекти во износ од 7.980 илјади неиздвојувањето на средства по овој основ има за ефект помалку обезбедени средства во износ од 798 илјади денари на оваа сметка, а во корист на вкупно расположивите средства на секој проект.

11.2.3. За исплатата на авторските хонорари на вработените, Академијата избрала и склучила договор со три авторски агенции по пат на отворен повик. И покрај тоа во 2007 година извршени се исплати само преку Македонска авторска агенција која наплатува највисока застапничка провизија во споредба со останатите избрани агенции, што има за ефект повеќе потрошени средства.

**Препораки**

1. Согласно Упатството за начинот на трезорското работење, Академијата да отвори сметки за приходи од донации за секој проект одделно , каде што ќе бидат евидентирани сите поединечни приходи и расходи за реализираниот проект.
2. Претседателството на МАНУ да донесе нова Одлука во која прецизно ќе бидат дефинирани изворите за финансирање на режиските трошоци при реализација на проектите, и истите да бидат предвидени во Договорот со донаторот.

3. Да се преиспита потребата од избор на три агенции за исплата на авторски хонорари на вработените и надворешни лица со кои Академијата склучува договори и да се пристапи кон склучување на договор со најповолниот економски оператор.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:**

11.3.1. Спротивно на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, не е запазено начелото на парично искажување при сметководственото евидентирање на приходите и расходите. Како резултат на несоодветно спроведени книжења утврдени се следните состојби во Билансот на приходи и расходи и Билансот на состојба, и тоа:

- паричните средства на крајот на годината не се усогласени со вишокот на приходи за пренос во наредна година за износ од 6.740 илјади денари, а
- постојаните средства и залихите на материјали не се усогласени со изворите на деловни средства за износ од 58 илјади денари како резултат на несоодветно спроведени книжења во минатите години.

11.3.2. Остварени се приходи во 2007 година од издавање под закуп на сала во вкупен износ од 133 илјади денари кои МАНУ не ги уплатувала во Буџетот на РМ што е во спротивност со Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и има за ефект неосновано остварени приходи.

11.3.3. Ревизијата имаше ограничување во примена на ревизорските постапки за утврдување на точноста на исплатениот износ од 8,431 илјади денари за надоместоци по основ на објавени стручни трудови, за изработка и реализација на проекти, за зголемен обем на работа на вработените, за јубилејни награди и друго. Македонската авторска агенција посредува при исплатата на надоместокот и правилното пресметување и уплатување на обврската на персоналниот данок на доход во име на физичките лица кои ги извршуват услугите, за што наплатува застапничка провизија. Поради исплати по фактури во бруто износ од кои не може да се утврди основата за пресметување на персоналниот данок од доход /агецискста провизија, а во отсуство на физички доказ за извршена контрола на фактурите од страна на одговорните лица, ревизијата не се увери во точноста на пресметаниот персонален данок и висината на договорената провизија. Воедно, не се уверивме дека агенцијата врши правилно разграничување на приходите од авторски права и останати приходи и дали правилно е утврден нето приходот како основица за пресметување на персонален данок од авторски права, односно нормираните трошоци потребни за нивно остварување. Исплатата на фактури без соодветна контрола може да има за ефект неправилно пресметување и уплатување на обврската за персонален данок за што Академијата има расходи за застапничка провизија.

**Препораки**

1. Одговорниот сметководител да ги утврди несоодветните книжења согласно буџетското сметководствено начело на парично искажување и да ги отстрани утврдените грешки во сметководствената евиденција.
2. Да се напушти праксата на прибирање приходи остварени од закупнина на објектот и да се известат закупците плакањето да го вршат на соодветната уплатна сметка 840-6478 – Приходи од продажба и закуп на средства во државна сопственост како приходи на Буџетот на РМ.

3. Вработените во одделението за финансови работи на МАНУ да вршат проверка на пресметувањето на персоналниот данок на доход по основ на исплатени авторски договори преку агенција со што ќе се отстрани ризикот од неправилното пресметување и уплатување на истиот и намалување на расходите на Академијата за исплатата на застапничка провизија.

### 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средства

11.4.1. Извршена е исплата на средства во вкупен износ од 372 илјади денари од сметката за приходи од самофинансирачки активности за надомест за административно-техничките работници кои се ангажирани во реализацијата на научноистражувачките проекти финансирани од меѓународните тела, спротивно на Одлуката за висината на режиските трошоци донесена од претседателството на Академијата според која е предвидено за овие надомести да се формира посебен фонд во кој ќе се издвојуват средства во висина од 10% од донираните средства на секој проект пооделно. Необезбедените средства за услугите што се плакаат на административно-техничките работници по донаторски проекти има за ефект ненаменски потрошени средства.

**Препорака**

1. Одговорните лица во Академијата, да преземат мерки и активности за соодветно издвојување на средства во Фондот за обезбедување надоместоци на административно техничките работници кои се ангажирани во реализација на научноистражувачките проекти.

### 11.5. Неприменување на Законот за јавни набавки

11.5.1. Во 2007 година извршени се набавки на опрема во вкупен износ од 2,897 илјади денари (два лабараториски апарати и еден фрижидер за длабоко смрзнување) што можат да се реализираат само од добавувачи кои имаат ексклузивно право на застапување со постапка на преговарање, без претходно обезбедена согласност од Бирото за јавни набавки. Ваквото постапување е спротивно на Законот за јавни набавки и може да има за последица субјективизам при одлучувањето и ненаменско користење на средства.

**Препорака**

1. Со оглед дека од 01.01.2008 година е во примена новиот Закон за јавни набавки, а со цел обезбедување целосна законитост во спроведување на набавките, ревизијата препорачува навремена едукација на членовите на комисиите за јавни набавки и наредбодавачот на договорниот орган, во врска со новите законски решенија при набавките.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 11.3.1, финансискиот извештај - Биланс на состојба не ја прикажува вистинито и објективно финансиката состојба на Македонската академија на науките и уметностите – сметка за приходи од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2007 година, а според значајноста на прашањата изнесени во точката 11.1.1. и 11.3.3. ние не изразуваме мислење за резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Македонската академија на науките и уметностите – сметка за приходи од самофинансирачки активности, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

Скопје, 23.03.2009 година

**Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 27,025 | 25,052 |
| Трансфери и донации | 9,113 | 4,012 |
| **Вкупно приходи** | **36,138** | **29,064** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 23,426 | 18,907 |
| **Вкупно тековни расходи** | **23,426** | **18,907** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 3,750 | 8,829 |
| **Вкупно капитални расходи** | **3,750** | **8,829** |
| **Вкупно расходи** | **27,176** | **27,736** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **8,962** | **1,328** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 15,063 | 6,986 |
| Побарувања од вработените | 31 | 22 |
| **Вкупно тековни средства** | **15,095** | **7,023** |
| **Вкупна актива** | **15,095** | **7,023** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 7 | 7 |
| Обврски спрема државата и други институции | 19 | 216 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 497 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 14,514 | 6,755 |
| **Вкупно тековни обврски** | **15,037** | **6,978** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 58 | 45 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **58** | **45** |
| **Вкупна пасива** | **15,095** | **7,023** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **45** | **-** | **45** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **13** | **13** |
| Набавки | - | 13 | **13** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **45** | **13** | **58** |